МЦМС минатата година изгради четири детски игралишта во „Рампо Левката“ во Прилеп; во подрачното училиште „Никола Карев“ во с. Алданци, општина Крушево; во „Ѓорче Петров“ во с.Ропотово, општина Долнени; како и во подрачното училиште „Браќа Миладиновци“ во с. Сопотница, општина Демир Хисар.



Децата од овие заедници во кои се одгледува тутун на располагање имаат најразлични реквизити како: нишалки, клацкалки, играчки на федер, тобогани, кули, динамички мостови и вртелешки.

Мише Милошевски, раководител на одделението за ЛЕР од Демир Хисар, објасни дека во рударската населба во село Сопотница има 62 деца на возраст од две до 10 години кои го користат игралиштето.

„Кога почнавме да работиме со проектот, луѓето беа скептични бидејќи мислеа дека се

работи за некој предизборен маркетинг. Меѓутоа, за десетина дена проектот се спроведе и игралиштето веднаш почна да се користи на големо задоволство на жителите", истакна Милошевски.

Учениците во ОУ „Рампо Левката" во Прилеп покрај игралиште, добија и летниковец каде ќе можат да се дружат, но и да одржуваат дел од наставните часови. Директорката на училиштето, Менка Аџиоска, рече дека има голема разлика од претходната состојба кога во дворот имало обрасната трева и доста неискористена површина, во споредба со новата уредена инфраструктура.

Буџетот изнесува речиси 2.5 милиони денари и истиот е донација од Сокотаб.

Од 2007 година МЦМС значително придонесува кон развојот на средините во кои се одгледува тутун преку подобрување на условите во училиштата. Досега реализирани се повеќе проекти во 20 различни училишта, со што над 5000 ученици и над 650 наставници учат и работат во здрава, функционална и модерна средина.